*Елена ЏУКЕСКА*

**УДК: 811.14'02'366.543**

# ГЕНИТИВ СИНГУЛАР КАЈ ИМИЊАТА СО ОСНОВА НА ОКЛУЗИВ ВО МИКЕНСКИОТ ГРЧКИ

**_Кратка содржина_**

*Формите на генитив сингулар од имиња со основа на оклузив не се застапени во голем број микенски плочки. Сепак анализата на примерите покажува дека од аспект на наставката и аблаутот во коренот или суфиксот со кој е изградена основата на зборот, генитивот сингулар кај имињата со основа на оклузив веќе во микенскиот период ги има обележјата, што се типични за грчкиот јазик. Од друга страна, примерите ни откриваат и архаични аспекти - зборови кои подоцна исчезнале и особености во семантиката и зборообразувањето.*

**_Клучни зборови:_** *ГЕНИТИВ СИНГУЛАР, МИКЕНСКИ ГРЧКИ, ОСНОВИ НА ОКЛУЗИВ*

Во индоевропски рамки, најстарите имиња со основа на оклузив се коренски именки во сите три рода. Некои од нив може да се доведат во врска со глаголски корени, сп. *φλόξ, φλογ-ός*, „пламен“ и *φλέγω*, „горам“ или *κλώψ, κλοπ-ός*, „крадец“ и *κλέπτω*, „крадам“. Но има и такви, кои не може да се доведат во врска со глагол како *θρίξ, τριχ-ός*, „влакно, коса“.[1] Се разбира многу поголем дел од имињата со основа на оклузив претставуваат зборовите изведени со суфикси. Продуктивни се суфиксите на велар, сп. *γυνή, γυναι-κ-ός*, „жена“, *φοῖνιξ, φοίν-ικ-ος*, „црвен, фојникијски“ и на дентал, сп. *ἄναξ, ἄνακ-τ-ος*, „господар“, *ὄνομα, ὀνόμα-τ-ος*, „име“.[2] Од аспект на оклузивот на кој завршува основата тие може да се поделат на имиња со основа на лабијал, на дентал, на велар, на лабиовелар и со основа на **-nt*.

Кај имињата со основа на оклузив падежните наставки се додаваат директно на коренот т.е. основата. Наставката за генитив сингулар се јаву-

---

[1] Sihler, 1995 : 282; Schwyzer, 1953 : 423-5, 565; Chantraine, 1933 : 1-3; Buck, 1944 : 382; 611.

[2] Schwyzer, 1953 : 496-500, 507-8, 510-11, 565; Buck, 1944 : 411, 416-7, 444, 450-51.

ва во полна степен **-es/-os*, во грчкиот само како **-os*, сп. грч. *ποδ-ός*, скт. *pad-ás*, лат. *ped-is* (< **ped-es*) од **pod-/ped-*, „нога". Кај коренските именки во грчкиот се видливи варијации во акцентот кои ја потврдуваат првобитната промена од хистерокинетички односно амфикинетички тип. Во номинатив и акузатив, акцентот е на коренот, а во другите падежи на наставката, сп. ген. *ποδός*, дат. *ποδί* ↔ акуз. *πόδα* од *πούς*, „нога". Употребата на полната степен **-os* од наставката за генитив сингулар упатува на тоа дека коренот кај ваквите именки, првобитно во генитив имал нулта степен, т.е. дека во индоевропскиот постоела алтернација меѓу номинативот и акузативот од една и другите падежи од друга страна од типот **pd-ós/pd-és* (генитив сингулар), **pd-éi* (датив сингулар) и **pód-m̥* (акузатив сингулар). Но првобитните варијации во однос на аблаутот кај овие именки рано се изедначиле и траги од нив не можат да се видат. Кај имињата чија основа е оформена со помош на суфикс, варијациите во акцентот и аблаутот исто така рано се изгубиле, но во некои јазици, сè уште, има видливи траги од првобитната промена од хистерокинетички или холокинетички тип. Така, санскритскиот ни покажува дека кај имињата со основа на **-nt* првобитно во генитивот суфиксот бил во нулта степен, а акцентот бил на наставката, наспроти номинативот и акузативот каде што суфиксот е во полна степен и го носи акцентот, сп. скт. ген. *d-at-ás* наспроти ном. *dán* и акуз. *d-ánt-am* од коренот *ed-/d-*, „јадам" или ген. на *-vat-as*, наспроти ном. на *-vān* и акуз. на *-vant-am* кај имињата оформени со суфиксот **-went-/-wont-/-wn̥t-*.[3]

Во микенскиот грчки имињата со основа на оклузив добро се потврдени и како коренски именки и како имиња оформени со суфикс. Иако примерите на генитив сингулар не се многубројни, сепак нивната анализа ни открива клучни податоци за образувањето на генитивот сингулар кај овие имиња.

### *Имиња со основа на дентал*

### *Имиња со основа на -t-*

***a-te-mi-to*** (PY Es 650) - Името на божицата Артемида во генитив се среќава во петтиот ред од плочката PY Es 650, сп. *a₃-ki-wa-ro , a-te-mi-to , do-e-ro, /Aigiwalos, Artemitos, doelos/*, „Ајгивал, роб на Артемида". На микенските плочки овој теоним е забележан уште еднаш како датив, *a-ti-mi-te* (PY Un 219.5).

Во дорските дијалекти името на божицата Артемида се јавува како *Ἄρταμις*, *Ἀρτάμιτος*, во јонско-атичкиот како *Ἄρτεμις*, *Ἀρτέμιδος*, во бо-

[3] Sihler, 1995 : 280-281, 614; Meier-Brügger, 2003 : 216-7.

јотскиот како *Ἄρταμις*, *Ἀρτάμιδος*, а има и форми без дентал, сп. акуз. *Ἄρτεμιν*, дат. *Ἀρτάμῑ* кои покажуваат дека оваа именка може да се менува и како *i*-основа.[4] Микенскиот генитив *a-te-mi-to, /Artemitos/* ја потврдува староста на *t*-основата, која е карактеристична за западните дијалекти, но во исто време покажува дека вокалот *a* е иновација.[5] Микенското *a-te-mi-to* ја потврдува староста и на генитивската форма *Ἀρτέμιτος*, која се јавува на подоцнежните дорски натписи и во делфискиот. Различните форми со кои се јавува оваа именка во грчкиот, секако се должат на тоа што се работи за странски збор, кој очигледно рано бил адаптиран на локално ниво.[6]

***me-ri-to*** (PY Un 718.5) - Оваа форма се среќава во Пил, на една плочка каде што се набројуваат одредени количини прехрамбени продукти и животни, кои му се принесуваат на богот Посејдон, што е јасно наведено во првиот ред, сп. *po-se-da-o-ni , do-so-mo*, */Poseidā(h)ōni dosmos/*. Покрај формата *me-ri-to*, не стои идеограма, која би го потврдила сликовно нејзиното значење, но затоа на други плочки го има номинативот *me-ri*, */meli/* (KN Gg 702.1.2; 704.2). Микенските форми *me-ri* и *me-ri-to* кореспондираат со помикенските *μέλι, μέλιτ-ος*, „мед“.[7] Зборот како дентална основа има паралела во хет. *melit*, н. лув. *malit*, гот. *miliÞ*, алб. *mjaltë*. Во други јазици, тој се менува како друга основа, сп. ирс. *mit*, но, ген. *melo, mela* (*i*-основа), ерм. *metr, metu* (*u*-основа), лат. *mel, mellis*, со назално проширување од **meln-*.[8]

***ti-mi-to*** (PY An 661.10; PY Cn 600.7.8.11-15; Ma 123.1; Na 361) - Синтагмата *ti-mi-to-a-ke-e, ti-mi-to a-ke-i*, топоним во аблатив, датив, локатив се среќава повеќе пати на микенските плочки. Можеби *ti-mi-to* е */Thimi(s)tos/*, генитив од **Themis*, помик. *θέμις*, „закон, право, пророштво“, *Θέμις*, теоним и *ἄγκος*, „долина“.[9] Во помикенскиот грчки, кај Хомер потврден е генитивот *Θέμιστος* (Y4; β68), но кај Пиндар се среќава генитив *Θέμιτος* (Pi.Ol.13.8), сп. и датив *Θέμιτι* (IG VII 1816, Теспија, Бојотија). Има и форми без дентал, ген. *Θέμιος* (Hdt. 2.50); акуз. *Θέμιν* (Hes.Th.16), што упатува на тоа дека можеби оваа именка првобитно била именка со *i*-

---

[4] Chantraine, 1967 : 67; Schwyzer, 1953 : 464.

[5] Meier, 1975 : 16, 76.

[6] Тоа што името на Артемида е потврдено и на натписи од Лидија како *Artimuś* може да биде индикација за нејзиното потекло од Мала Азија, в. Chantraine, 1968 : 117; Meier, 1975 : 76.

[7] Chadwick, 1973 : 283, 560; Chantraine, 1967 : 67; Bartoněk, 2003 : 228, 386, 397.

[8] Chantraine, 1970 : 681-2; Гамкрелидзе - Иванов, 1984 : 603; Risch, 1974 : 18.

[9] Ruijgh, 1967 : 180; Meissner - Tribulato, 2002 : 313.

основа.[10] Сепак микенскиот генитив *ti-mi-to* ја потврдува староста на формите со беззвучен дентал *-t-*.

Алтернацијата *e/i* во коренот е потврдена и кај други зборови во микенскиот. Дека таа била присутна и кај именката *themis* се гледа и преку формите *te-mi-ti-ja*, *ti-mi-ti-ja*. Така се нарекува областа околу *ti-mi-to-a-ke-e*. Подоцна, во Тесалија се споменува име на планина *Θεμιστεία* (IG IX.1/689) и име на месец *Θεμίστιος*. Овие образувања ја покажуваат *-στ-* основата од именката *θέμις*.[11]

**]wa-na-ka-to** (PY La 622v1) - Иако оваа форма се јавува во нецелосен контекст, на задната страна од еден фрагмент од Пил, споредбата со формите *wa-na-ka* (PY Na 334a), ном. синг., *wa-na-ka-te* (KN Ga 675) и *wa-na-ke-te* (PY Fr 1215.1), дат. синг. ни допушта да ја интерпретираме како */wanaktos/*, генитив од *ἄναξ*, „цар, господар".[12] Зборот нема паралела во други индоевропски јазици. Во помикенскиот грчки оваа именка се јавува најчесто со основа на *-τ-*, сп. ген. *(ϝ)άνακτος* (O214), дат. *(ϝ)άνακτι* (A36), но дека безвучниот дентал е секундарно додаден, би можело да се заклучи според сведоштвото на дорскиот, каде што на натписи има примери без суфиксот *-τ-*, сп. ген. дуал *τοῖ(ϝ) ϝανάκοι(ν)* (IG IV/566, Аргос). А и во источните дијалекти во ономастиката има траги од флексијата на оваа именка без *-τ-*, сп. бој. патронимик *ϝανακώνιος* (IG VII 2781, p. 18, Копа, 3 в.п.н.е.). Микенските форми ја потврдуваат староста на флексијата со дентал.

Генитивот *wa-na-ka-to* потврдува дека невообичаениот третман на консонантската група *-kt-*, со вметнат вокал *a*, наместо вокалот од следниот вокал (би очекувале кај генитивот тоа да биде *o*) е правило за формите од оваа именка, а дека дативот *wa-na-ke-te* е исклучок, сп. и придавка *wa-na-ka-te-ro* (PY En 74.3, TH Z 839), */wanakteros/*. Веројатно формите во косите падежи се повеле по номинативот, каде што *ξ* е одбележано како да е консонантска група *-ks-*, па крајното *s* се испушта, а вокалот *a* е додаден според претходниот слог.[13] Писарите графички ја изедначиле флексијата на именката, која инаку би изгледала разнородно. Имено, во сите други

---

[10] Според Бенвенисте првобитно именката била во ср.р., **θέμι, θέμιτος*, па потоа се измешала со *s*-основите и оттука ја добила основата со *-στ-*, в. Бенвенист, 2002 : 319; Chantraine, 1970 : 428.

[11] Chantraine, 1970 : 428; Meier, 1975 : 16. Сосема поинаква интерпретација на топонимот *ti-mi-to a-ke-e* предложи Т. Палајма, */Tirminthōn ankhe(h)ē/*, „Долина на Терпентините", при што *ti-mi-to* е ген. мнж. од **terminthos, tirminthos*, помик. *τέρμινθος, τρέμιθος, τερέβινθος*, дрво *Pistacia Terebinthus*, „терпентин", в. Palaima, 2000 : 14-5; Bartoněk, 2003 : 203.

[12] Lejeune, 1958 : 313; Risch, 1974 : 18; Bartoněk, 2003 : 228, 374.

[13] Ruijgh, 1967 : 381.

случаи со денталното проширување се добива основа, која графички се презентира идентично во сите коси падежи.

### *Имиња со основа на -th-*

***ko-ru-to*** (PY Sh 733; 737; 740.a; 741; 742; 743;744) - Генитивот *ko-ru-to*, /koruthos/ од *κόρυς*, „шлем" е употребен повеќе пати во Sh серијата во Пил, која содржи евиденција на оклопи и шлемови. Именката е потврдена и како ном. синг. *ko-ru* (KN Sk 8100.Bb), */korus/* и како инстр. пл. *ko-ru-pi* (PY Ta 642.2), */korupphi/*.[14]

Именката *κόρυς* треба етимолошки да се поврзе со *κορυδός*, „вид чучулига со кикиришка", *κορυφή*, „врв, теме на главата", а можеби и со *κέρας*, „рог" и *κάρ, κάρη*, „глава" од **ḱer-/ḱor-/ḱr̥-*, сп. во другите јазици, лат. *cervus*, „елен", *cornū*, ст. англ. *horn*, скт. *śr̥ṅga*, „рог".[15] Во помикенскиот грчки, акуз. *κόρυν*, кој понекогаш се среќава покрај *κόρυθα*, упатува на тоа дека оваа именка првобитно имала *u*-основа.[16] Но микенскиот генитив *ko-ru-to*, ја потврдува старостa на денталната основа.

### *Имиња со основа на велар*

***e]ri-ko*** (KN So 8251.b) - На фрагментот бр. 8251 од Кносос во вториот ред може да се прочита *]ri-ko, ROTA[*. Фрагментот е класифициран како *So*, што значи дека ѝ припаѓа на серија, која се занимава со колца. Во истата серија колцата се квалификуваат според материјалот од кој се направени како *e-ri-ka*, */helikās/*, ген. синг. од */helikā/*, *ἑλίκη*, „врба" и *pte-re-wa*, */ptelewās/* ген. синг. од */ptelewā/*, *πτελέα*, „брест". Имајќи го предвид *e-ri-ka*, */helikās/*, сп. KN So 894.4; 4430.b и др. можно е *]ri-ko* да се реконструира како *e]ri-ko*.[17] Оваа форма би била генитив од */heliks/*, паралелна атематска варијанта покрај */helikā/*.[18] Во помикенскиот грчки именката *ἕλιξ* значи „спирала" и општо земено сè што е свиткано, извиткано, а именката *ἑλίκη*, во Аркадија значи врба, *Salix fragilis*. Можно е и зборот за дрвото кое е свиткано надолу и зборот за спирала, односно за нешто свит-

---

[14] Risch, 1974 : 174; Chantraine, 1970 : 569; Moreschini, 1984 : 58 и фус. 10; Bartoněk, 2003 : 231, 395.

[15] Гамкрелидзе - Иванов, 1984 : 173.

[16] Chantraine, 1967 : 67, Schwyzer, 1953 : 510.

[17] "]e-ri-ko not impossible", види *The Knossos Tablets V* : 314.

[18] Lejeune, 1972 : 307-8, фус. 57; Aura Jorro, 1985 : 245.

кано, во грчкиот да доаѓаат од истиот индоевропски корен *$\acute{s}$°*(e)lik*$^{(h)}$-.[19] Заради семантичката блискост на два збора, формите се мешаат. Размената на значењата меѓу *ἕλιξ* и *ἑλίκη* е видлива во помикенскиот грчки. Така *ἑλίκη* се нарекува созвездието Голема мечка заради вртењето околу северниот пол. Кај Аристотел во значење „навој на спирална школка" покрај *ἕλιξ* (HA 547b11) се употребува и *ἑλίκη* (HA 524b12). Именката *ἕλιξ*, пак значи и еден вид бршлен, Hedera Helix, сп. Thphr. $HP_3$ 18.6.1-8.21.

***mo-ro-ko-*** (PY La 635) - Ако *mo-ro-ko-wo-wo-pi* е топоним во аблатив, оформен со *wo-wo*, */worwos/*, атич. *ὅρος*, јон. *οὖρος*, „меѓа, бразда", тогаш *mo-ro-ko-* може да се интерпретира како ген. синг. од лично име или апелатив. Имено, постои во микенскиот една група на топоними, оформени од лично име или апелатив во генитив и *wo-wo*, сп. *wa-no-jo , wo-wo* (PY Cn 40.1.2.3.4), */Warnoyo worwos/*; *e-u-ta-re-wo wo-wo* (PY Na 525), */E$^{(h)}$uthallēwos worwos/*; *me-ka-o wo-wo* (PY NA 571), */Megā(h)o worwos/*.[20] Ако е формата *Mo-ro-ko* во генитив, тогаш, таа може да биде само од име со атематска деклинација, со основа на велар, *-k-*, *-g-*, *-kh-*.

***to-ro-wi-ko*** (PY Cn 655.2) - Оваа форма се среќава во Пил, во серијата Cn во која се регистрани домашни животни, сп. *ma-ro-pi , to-ro-wi-ko , pa-ra-jo OVIS$^{m}$ 133[*, при што *ma-ro-pi* е инстр. абл. од топонимот *ma-ro*, */Mālōn/*, а *pa-ra-jo* е */palaioi/*, ном. плур. од *παλαιός*, „стар", придавка со која се квалификуваат овците. Личното име во генитив е всушност името на овчарот кај кого се овците.[21] Името е потврдено и во номинатив, сп. *to-ro-wi* (PY Cn 131.6; Jn 601.2); *to-ro-wi-ka* (PY An 5.3). В. Георгиев го поврзува ова име со *θρέομαι*, „врескам", *θρόϝος*, атич. *θροῦς*, „вресок, мрморење, бучава", сп. и име *Πολύθρους* < *πολύθρους*, „бучен". Тој го интерпретира името *to-ro-wi* како **Θρόϝις*,[22] но имајќи го предвид генитивот *to-ro-wi-ko*, оправдано е тоа да се прочита како */Throwiks/*, хипокористик, оформен со суфиксот *-ik-*, сп. *Φοῖνιξ* и *φοινός*, „крвав, крваво црвен", *Αἶθιξ* и *αἰθός*, „изгорен", *Αἰθίας, Αἴθων, Αἰθίοψ*.

---

[19] Chantraine, 1970 : 338-9.

[20] Lejeune, 1958 : 166 и фус. 28 и 1972 : 266; Bartoněk, 1999 : 124; Duhoux, 1999 : 235.

[21] Chadwick, 1973 : 200-201; Илиевски, 2000 : 123.

[22] Георгиев, 1955б : 27.

### *Имиња со основа на лабиовелар*

***$a_3$-ti-jo-qo*** (PY En 74.11; Eo 247.1) - Оваа форма е генитив од личното име */Aithiyok$^w$s/*, сп. ном. синг. *$a_3$-ti-jo-qo* (PY Eb 846.A; Ep 301.2) и дат. синг. *$a_3$-ti-jo-qe* (PY Eo 247.2.3.4.5.6.7), */Aithiyok$^w$ei/*, сложенка од *αἰθός*, „изгорен, црвен како оган", сп. *αἴθω*, „горам", скт. *édha-*, „дрво за горење", лат. *aedēs*, *aestās* и **ok$^w$*, „поглед, лик", сп. помик. *Αἰθίοψ*, „жител на Ајтиопија, црвено-кафеав".[23]

***do-ro-qo*** (PY Na 384) - Можеби овој генитив е од */Dolok$^w$s/*, помик. *Δόλοψ*. Формата се јавува во една синтагма *do-ro-qo so-wo-te*, која можеби е топоним во аблатив, */Dolok$^w$os Sowotē/*, а има паралела во помик. *Δόλοπος σῆμα* (Orph. Arg, 464) и *Δολοπήϊος τύμβος* (A.R.I,585), како што предложи М. Д. Петрушевски.[24]

### *Имиња со основа на -nt-*

### *Имиња образувани со суфиксот*-ont-/-ent-/-nt-/-n̥t-*

### *Имиња на -ας, -αντος*

***a-me-ja-to*** (PY Sa 834; Sh 736) - Според контекстите во кои се среќава оваа форма, веројатно се работи за генитив од лично име, сп. *a-me-ja-to , wo-ka* (PY Sa 834), */A-me-ja-to wokhā/*, „Кола на А." и *a-me-ja-to , o-pa* (PY Sh 736), */A-me-ja-to hopā/*, „обработка на А.". Именките */wokhq/* и */hopā/* вообичаено одат со лично име во генитив. Номинативската форма *a-me-ja* е потврдена во Кносос на плочката F(1) 153 во третиот ред. Според завршокот јасно е дека се работи за име на *-ας, -αντος*, но основата веројатно не е грчка.[25]

***e-re-pa-to*** (KN V 684.1; PY Sa 793) - На микенските плочки генитивот од *ἐλέφας* „слон, слонова коска" е забележан како *e-re-pa-to*, */elephantos/*. Именката е потврдена и во ном. синг., *e-re-pa* (KN Sd 4412a), */elephans/*, акуз. синг. *e-re-pa-ta* (KN Og 7504), */elephanta/*, инстр. синг. *e-re-pa-te* (KN Ra 1028A), */elephantē/*.[26] Зборот е заемка од семитскиот.[27]

---

[23] Risch, 1974 : 171, 218; Ruijgh, 1967 : 316, фус. 116.

[24] Petruševski, 1965 : 201.

[25] Предгрчка основа (Ruijgh, 1967 : 269); *Ἀμείαντος* vel. sim. (Lejeune, 1972 : 25, фус. 7); малоазиско име *Ἀμμίας* (C.Milani, *Atti Pavia* 109 (403), в. Aura Jorro, 1985, : 55).

[26] Lejeune, 1958 : 118, фус. 22, стр. 122 и 1971 : 29; Chantraine, 1970 : 338.

[27] Larosche, 1965 : 57-9; Sacconi, 1973 : 173-4; Bartoněk, 2003 : 492.

***pa-to*** (PY Ed 411.1) - Синтагмата *ku-su-to-ro-qa pa-to[* се јавува на Пилската плочка Ed 411 и претставува збирна формула. Ако е *ku-su-to-ro-qa*, */ksunstrok$^{w}$hā/*, *συστροφή*, „збир", тогаш *pa-to* може да биде ген. синг. *παντός* од заменката *πᾶς*,[28] па синтагмата да значи „збир од сè, вкупно". Во помикенскиот грчки, *τὸ πᾶν* значи „севкупност, сè", сп. *ἄξιοι τοῦ παντός* (Pl. Sph. 216c), *παντὸς μᾶλλον* (Pl. Cri. 49b). Не може да се исклучи можноста дека *pa-to* е ген. плур. од истата заменка.[29]

***qa-ra$_2$-to*** (TH Of 37.1) - Оваа форма е генитив од *qa-ra$_2$* (PY An 192.16), ном. синг., сп. и дат. синг. *qa-ra$_2$-te* (PY An 7.7; TH Of 38.1). Веројатно ова име треба да се интерпретира како */K$^{w}$alyans/*, помик. *Πάλλας, Πάλλαντος*.[30] Именката *πάλλας*, „младо момче", која се содржи во името во помикенскиот се јавува и како *πάλλαξ*, *πάλλακος*, „момче помладо од ефеб", сп. и *παλλακή*, „љубовница".

## *Имиња на -ων, -οντος*

***a-pi-jo-to*** (PY An 261.7.8) и ***a-pi-o-to*** (PY An 261v.6; Un 616 v.3) - Ова се две варијанти на ген. синг. од личното име *a-pi-jo* (PY An 725.14), */Amphiyōn/*, сп. *Ἀμφίων*, *Ἀμφίονος*.[31] Но името *Ἀμφίων* има *n*-основа, а микенските форми на генитив */Amphiyontos/* и */Amphiontos/*, упатуваат на *nt*-основа. Микенските генитивски форми се од име кое е изведено од партицип **ἀμφίων*, сп. хом. *ἀμφήλυθε*, аор. од *ἀμφέρχομαι*, „обиколувам". Според Рејх *a-pi-o-to* може да се интерпретира како *Ἀμφι-όντος*, со втор дел **ὀντ-* < **yont-*, сп. скт. *yant-*, подоцна во грчкиот заменето со *ἰόντ-* по аналогија со *ἴμεν*. Варијантата *a-pi-jo-to* може исто така да го покажува архаичниот партиципски облик *ἀμφι-(y)όντος*, со *-y-* од *h*, како транзициски глас меѓу два вокала, но може да биде и веќе новооформеното *ἀμφ-ιόντος*.[32] Помикенското *Ἀμφίων* од друга страна е веројатно хипокористик од сложено име со прв дел *ἀμφί*, на пр. *Ἀμφιμήδης*. Во таа смисла и ном. *a-pi-jo*, не мора да се поврзува со генитивите на *-ontos*, туку може да се сфати како хипокористик од *a-pi-me-de*.

***a-re-to-to*** (PY Sa 1265) - Синтагмата *a-re-to-to , wo-ka*, */A. wokhq/*, „Кола на А." се среќава еднаш во Пил. Можеби овој генитив е од личното

[28] Chadwick, 1973 : 264, 567.
[29] Bartoněk, 2003 : 236; Илиевски, 2000 : 134.
[30] Ruijgh, 1967 : 155, фус. 298 и 274; Heubeck, 1979 : 249.
[31] Chadwick, 1973 : 532; Илиевски, 2000 : 278, фус. 12.
[32] Ruijgh, 1967 : 191 и фус. 458.

име */Arethōn/,[33] сп. помик. Ἀρέθων, Ἀρέθουσα. Аретуза е митолошко име. Многу извори и нимфи, го носат ова име, а Херодијан го поврзува со глагол ἀρέθω (Hdn. De pr. cath., 3.1, 269.5).

### *Имиња образувани со суфиксот *-went-/-wont-/-wn̥t-*

***e-ri-no-wo-to*** (PY Eq 213.3) - Споредбата со номинативот *e-ri-no-wo* (PY Na 106.B) и аблативот *e-ri-no-wo-te* (PY Cn 4.5; Mn 456.8) упатува на тоа дека *e-ri-no-wo-to* е генитив сингулар од топонимот */Erinowons/*. Овој топоним е забележан и во помикенскиот грчки како Ἐρινεός, Ἐρινοῦς во Дорида, Ахаја. Етимолошки може да се поврзе со именката ἐρινεός, „дива смоква“.[34]

***ko-ma-we-to*** (KN Ap 618.2; Dk(1)920.a; 931.a; Dv 1272.A; X 9711) - Оваа форма е генитив од лично име, кое е потврдено и во номинатив, сп. *ko-ma-we* (PY An 519.10) и во датив, *ko-ma-we-te* (KN C(2)913.2). Може да се интерпретира како */Komāwens/*. Во помикенскиот грчки ја има соодветната придавка κομήεις, „со многу коса, влакнест“, изведена од κόμη, „коса, влакна“ со суфиксот **-went-*, сп. кај Хомер καρη κομόωντες Ἀχαιοί (B11), „Ахајците с'убави коси“,[35] а има и лично име Κομάτας.[36]

***o-we-to*** (KN Dm 1184.b) - Формата се јавува во синтагмата *o-we-to* , *o-pa*. Зборот *o-pa*, */hopq/* вообичаено оди со генитив, па може да се претпостави дека *o-we-to* е генитив од лично име.[37] Но досега зборот не е интерпретиран на задоволителен начин.[38]

***se-wo-to*** (KN Da 1268) - Според контекстот на *D* серијата од Кносос, каде што се јавува оваа форма може да се претпостави дека станува збор за име на сопственик или колектор,[39] имајќи предвид дека почнува со *s*, веројатно оформено од негрчка основа. Но, од друга страна може да се претпостави и тоа дека *se-wo-to* не е лично име, туку топоним оформен со суфиксот *-wont-*, дополнение на претходно наведениот топоним *qa-ra*.[40]

---

[33] Chadwick, 1973 : 534; Aura Jorro, 1985 : 55.

[34] Георгиев, 1955a : 33; Chantraine, 1968 : 371; Lejeune, 1997 : 19; Bartoněk, 2003 : 238.

[35] Хомер, „Илијада“, препев на М. Д. Петрушевски, Скопје, 1982.

[36] Lejeune, 1971 : 22; Ruijgh, 1967 : 267 и фус. 163; Chantraine, 1970, 561; Bartoněk, 2003 : 238.

[37] Chadwick, 1973 : 566; Melena, 1983 : 265; Ilievski, 1992 : 322, фус. 6.

[38] Како *o-we* < *o-pa-we*, */Olbawens/*, сп. ὀλβήεις, ὄλβιος „среќен“ или */Olpawens/*, сп. ὄλπη, „кожна кесичка за масло за борење“, в. Ilievski, 1992 : 334 и фус. 47.

[39] Bennet, 1992 : 92, 94; Ilievski, 1992 : 334.

[40] Chadwick, 1973 : 582.

Дека ова е така, доказ може да биде формата *]se-wo-te* (PY An 233.4), доколку е целосна. Имено, оваа форма се појавува во една листа на лица, кои се наброени покрај топоними во аблатив, сп. на истата плочка *a-mi-ni-so* (р. 2), /*Amnīsō*/; *ko-tu-we* (р. 3), /*Gortuwē*/.

Како што може да се види од анализираните примери, генитивот сингулар кај имињата со основа на оклузив во микенскиот грчки редовно завршува на *-ος*. Завршокот е потврден кај имиња со основа на дентал (*-t-*, *-th-*), на велар, на лабиовелар и на *-nt-*. Повеќето примери се од имиња со основа оформена со суфикс. Единствено кај *a₃-ti-jo-qo* и кај *do-ro-qo* од сложенките /*Aithiyok*$^{w}$*s*/, *Αἰθίοψ* и /*Dolok*$^{w}$*s*/, *Δόλοψ* со втор дел *-οψ*, можеме да видиме пример за генитив од една коренска именка *ὄψ*, „око, лик". Микенските форми на генитивот од овие именки се идентични како помикенските, *Αἰθίοπος* и *Δόλοπος*.

Кај именките со основа на дентал, кои во помикенскиот грчки покажуваат варијации во однос на присуството на дентал во основата, микенскиот преку генитивот ја потврдува само денталната флексија, сп. *wa-na-ka-to*, /*wanaktos*/, *me-ri-to*, /*melitos*/, *ko-ru-to*, /*koruthos*/, *ti-mi-to*, /*Thimi(s)tos*/. Генитивската форма *a-te-mi-to*, /*Artemitos*/, пак покажува дека кај именката *Ἄρτεμις* основата на *-id-* е веројатно оформена секундарно. Кај имињата од овој тип (главно првобитни *i*-основи или *u*-основи проширени со дентал) нема варијации во однос на акцентот и аб-лаутот.

Кај имињата на *-ων*, *-οντος*, нултата степен од суфиксот **-nt-*, која првобитно била обележје на генитивот и која, сè уште, може да се види во санскритскиот, во грчкиот веќе во микенскиот период е заменета со полната степен *-ont-*, сп. *a-pi-jo-to*, *a-pi-o-to*, /*Amphi(y)-ont-os*/. Слично, кај имињата оформени со суфиксот **-went-/-wont-/-wn̥t-*, примерите како *ko-ma-we-to*, /*Koma-went-os*/ потврдуваат дека веќе во микенскиот период аблаутот во однос на суфиксот бил изнивелиран, така што наместо очекуваната нулта степен, потврдена во санскритскиот, се јавува полната степен. Би можело да се помисли дека кај формите *e-ri-no-wo-to*, /*Erinowontos*/ и *se-wo-to* кои се топоними суфиксот е сè уште во нулта степен, *-wot-* < **-wn̥t-*, но споредбата со другите форми од топоними оформени со истиот овој суфикс потврдува дека всушност станува збор за една особеност на микенскиот грчки во поглед на зборообразувањето. Имено, за разлика од помикенскиот грчки, во микенскиот ваквите топоними се образувани со полната *o*-степен од суфиксот, *-wont-*, сп. *Ὀπόεντος* (< **Ὀπό-ϝεντ-ος*), ген. од топонимот *Ὀπόεις* забележан на натпис од Бојотија (IG VII 4136) наспроти мик. *e-ri-no-wo-to*, /*Erino-wont-os*/.

Неколку форми на генитив сингулар упатуваат на зборови кои во подоцнежниот период не се забележани и затоа се важно сведоштво за историјата на грчкиот јазик. Во таа смисла генитивот *mo-ro-ko* сведочи за

постоење на лични имиња оформени со гутурален суфикс **-ok/g/kh-*. Во помикенскиот грчки забележани се лични имиња на *-αξ*, *-ιξ*, *-υξ*, но не и на *-ωξ* или *-οξ*. Доколку формата *e]-ri-ko* е навистина форма на генитив, тогаш таа сведочи за семантичката поврзаност на именките *ἕλιξ*, „спирала“ и *ἑλίκη*, „врба“ и за нивното мешање.

### *Литература*


Aura Jorro, 1985 : Aura Jorro, F., *Diccionario Griego-Español, Diccionario Micénico I*, Madrid.

Bartoněk, 2003 : Bartoněk, A., "Mycenaean Common Nouns in the Disguise of Proper Names" во *Floreant Studia Mycenaea, Akten dex X. Internationalen Mykenologischen Colloquiums in Salzburg vom 1-5 Mai 1995, Band I*, ed. S. Deger-Jalkotzy, St. Hiller, O. Panagl, Wien 1999, 121-129.

Bartoněk, 2003 : Bartoněk, A., *Handbuch des mykenischen Griechisch*, Heidelberg.

Бенвенист, 2002 : Бенвенист, Е., *Речник индоевропских установа*, Нови Сад.

Bennett, 1992 : Bennett, J., "Collectors" or "Owners"?" во *Mykenaïka, Actes du IX[e] Colloque international sur le textes mycéniens et égéens organisé par le Centre de l'Antiquité Grecque et Romaine de la Fondation Hellénique des Recherches Scientifiques et l'École française d'Athènes* (Athènes, 2-6. X. 1990), ed. J.-P. Olivier, *Suppl. BCH* 25, Paris, 1992, 61-101.

Buck, 1944 : Buck, C. D., Petersen W., *A Reverse Index of Greek Nouns and Adjectives*, Chicago.

Chadwick, 1973: Ventris, M. - Chadwick, J., *Documents in Mycenaean Greek*, Cambridge.

Chantraine, 1933 : Chantraine, P., *La Formation des noms en Grec Ancien*, Paris, 1933.

Chantraine, 1967 : Chantraine, P., *Morphologie historique du grec*, Paris.

Chantraine, 1968 : Chantraine, P., *Dictionnaire étimologique de la langue grecque I*, Paris.

Chantraine, 1970 : Chantraine, P., *Dictionnaire étimologique de la langue grecque II*, Paris.

Chantraine, 1974 : Chantraine, P., *Dictionnaire étimologique de la langue grecque III*, Paris.

Duhoux, 1999 : Duhoux, Y., "La séparation des mots en linéaire B" во *Floreant Studia Mycenaea, Akten dex X. Internationalen Mykenologischen Colloquiums in Salzburg vom 1-5 Mai 1995, Band I*, ed. S. Deger-Jalkotzy, St. Hiller, O. Panagl, Wien 1999, 227-236.

Гамкрелидзе - Иванов, 1984 : Гамкрелидзе Т. В., Иванов Вяч. Вс., *Индоевропейский язык и Индоевропейцы, I, II*, Тбилиси.

Георгиев, 1955а : Георгиев, В., *Словарь крито-микенских надписей*, София.

Георгиев, 1955б : Георгиев, В.,*Дополнение к словарю крито-микенских надписей*, София..

Heubeck, 1979 : Heubeck, A., "Remarks on the Sign-doublets $ro_2$, $ra_2$, $ta_2$" во *Colloquium Mycenaeum*, Neuchâtel, 1979, 239-257.

Ilievski, 1992 : Ilievski, P. Hr., "Observations on the Personal Names from the Knossos D Tablets" во *Mykenaïka, Actes du IX[e] Colloque international sur le textes mycéniens et égéens organisé par le Centre de l'Antiquité Grecque et Romaine de la Fondation Hellénique des Recherches Scientifiques et l'École française*

*d'Athènes* (Athènes, 2-6. X. 1990), ed. J.-P. Olivier, *Suppl. BCH* 25, Paris, 1992, 321-349.

Илиевски, 2000 : Илиевски П. Хр., *Животот на Микенците во нивните писмени сведоштва*, Скопје.

Larosche, 1965 : Larosche, E., "Sur le nom Grec de l'ivoire", *RPh* 39 (1965), 56-59.

Lejeune, 1958 : Lejeune, M., *Mémoires de philologie mycénienne I*, Paris.

Lejeune, 1971 : Lejeune, M., *Mémoires de philologie mycénienne II*, Roma.

Lejeune, 1972 : Lejeune, M., *Mémoires de philologie mycénienne III*, Roma.

Lejeune, 1997 : Lejeune, M., *Mémoires de philologie mycénienne IV*, Roma.

Meier, 1975 : Meier, M., *-Iδ- Zur Geschichte eines griechischen Nominalsuffixes*, Göttingen.

Meier-Brügger, 2003 : Meier-Brügger, M., *Indo-European Linguistics*, with contributions by Matthias Fritz, Manfred Mayrhofer, Berlin.

Meissner - Tribulato, 2002 : Meissner T. - Tribulato, O. "Nominal Composition in Mycenaean Greek", *TPhS* 100 (2002), 289-330.

Melena, 1983: Melena, J. L., "Further Thoughts on Mycenaean o-pa" во *Res Mycenaeae, Akten des VII Internationalen Mykenologischen Colloquiums (Nürnberg, 6-10.IV.1981)*, ed. A. Heubeck, G. Neumann, Göttingen, 1983, 258 - 286.

Moreschini, 1984 : Moreschini, A. Q., *Le formazioni nominali greche in -nth-*, Roma.

Palaima, 2000 : Palaima, T. G., "*Θέμις* in the Mycenaean Lexicon and the Etymology of the Place Name **ti-mi-to a-ko*", *Faventia 22/1* (2000), 7-19.

Petruševski, 1965 : Petruševski, M. D., "Perewote - Doroqo sowote", *ŽA* 15 (1965), 201.

Risch, 1974 : Risch, E., *Wortbildung der homerischen Sprache*, Berlin, New York.

Ruijgh, 1967: Ruijgh, C. J., *Études sur la grammaire et le vocabulaire du grec mycénien*, Amsterdam.

Sacconi, 1973 : Sacconi, A."L'avorio nella tabela di Pilo Va 482", *Minos* 13 (1973), 173-181.

Sainer, 1976 : Sainer, A. P. "An Index of the Place Names at Pylos", *SMEA* 17 (1976), 17-63.

Schwyzer, 1953 : Schwyzer, E., *Griechische Grammatik I*, München.

Sihler, 1995 : Sihler, A. L., *New Comparative Grammar of Greek and Latin*, New York - Oxford.

*Elena DZHUKESKA*

# GENITIVE SINGULAR OF STEMS ENDING IN STOPS IN MYCENAEAN GREEK

***Abstract***

*There are only few genitive singular forms of stems ending in stops on Mycenaean tablets. Still the analysis of the examples shows that in the Mycenaean period, the genitive singular of stems ending in stops already had the characteristics typical for the Greek language in respect of the ending and the root or suffix ablaut grade. On the other hand, the examples present archaic aspects - words that disappeared in the post-Mycenaean period and peculiarities in respect of semantics and word formation.*

***Key words:*** *GENITIVE SINGULAR, MYCENAEAN GREEK, STEMS ENDING IN STOPS*